ФОРМА НОВА
салон за мебел

## ОПШТИ УСЛОВИ И ПРАВИЛА ПРИ WEB ПРОДАЖБА

Испораката на производите се извршува на адресата која купувачот ја определил во нарачката и на начин кој го одбрал при самото правење на нарачката  и производите се превземаат од возилото кое е паркирано на најблизок достапен паркинг или до влез во куќа/стан каде нема да има безбедносен ризик од оштетување на истото само доколку нарачката е платена преку платежниот систем на CASYS.

Вирманската уплата мора да биде во рок од 2 работни дена од направената нарачка. При предавање на производите купувачот или трето лице ја потпишуваат испратницата и другите пропратни документи. Под трето лице се подразбира лице кое не е наведено во порачката но го прима производот на наведената адреса при извршувањето на порачката,се потпишува со име и презиме,потпис, а се идентификува со документ за лична идентификација. При примање на производот примачот е должен да го  провери производот за евентурални оштетувања при транспорт и да провери евентуален недостиг на некој дел доколку производот е составен од повеќе делови. Доколку се констатира некој од наведените недостатоци примачот е должен веднаш да ја пријави рекламацијата.Пред испорака на производот купувачот ќе биде телефонски контактиран за часот и денот на испорака. Испорака на производите се прави на целата територија на Р.Македонија. Испорака на производите надвор од територијата на Р.Македонија не правиме.

Времето на испорака е наведено на секој производ поставен на web продавницата и се однесува на работни денови. Доставата се однесува на целата територија на Р.Македонија.

За купување на производи чија сума не надминува над 12.000ден, рокот на испорака ќе биде во договор со нашите оператори.

Монтажата не подразбира закачување на ѕид на ниту еден производ.

Монтажата на плочест мебел се наплаќа 7% од вредноста на производот.

Монтажата на тапациран мебел се наплаќа 1.200ден.

Достава и монтажа за трпезариски маси, столици и душеци не се наплаќа.

Внесот на производите во вашиот дом од возилото се должност на купувачот.

Доколку нарачката е направена по 16ч,тогаш периодот за испорака започнува да тече од следниот работен ден. Доколку нарачката е направена во неработен ден започнува да тече од првиот работен ден. Во рокот на испорака не се пресметуваат неработните денови.

Форма Нова го задржува правото да го продолжи периодот на испорака над 10дена, само во  договор со купувачот.Во случај кога купувачот не е дома и не е достапен за доставување на порачката во договорениот термин и на наведената адреса, или нема обезбеден пристап и услови за предавање на производот во тој рок, Форма Нова се ослободува од обврската да ги испорача производите наведени во порачката и истите треба да ги превземе купувачот од нашиот централен магацин или пак од најблискиот салон.